24.12.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24 декември 2018 година, врз основа на примена жалба од Катерина Колозова, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

Текстот на интернет порталот „Off.net.mk" не отстапува од професионалните и етички стандарди

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 11 декември 2018 година, Катерина Колозова, поднесе жалба за текстот во рамките на рубриката „Кога ќе им кажеш дека... дека е одвратно сето тоа“, објавен на 7 декември 2018 година, на интернет порталот „off.net“ (www.off.net.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи навреда.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Off.net“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот одговори на наводите на жалителот.

Од „Off.net“ ја отфрлаат како неоснована жалбата на Колозова. Уредникот на интернет порталот, Сашо Мацановски – Трендо, вели дека жалителката воопшто не е спомената во текстот и, како што посочува, нејзиниот лик бил присутен само преку еден „фото-триптих“.

*„Оттука, не гледаме од што Катерина Колозова би можела да биде навредена во статија, во која не е ни спомната, освен од тоа дека на сликите „не е добро испадната“ (ние мислиме баш обратно, ама неважно)“*, наведуваат од „Off.net.mk“ во одговорот на наводите на Колозова.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и дека во текстот не е прекршен Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 24 декември 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за сатиричен текст. Во исто време, се согласи дека сатирата е современ поджанр на жанрот коментарот, а коментарот претставува изразување став, во случајов, изнесување вредносен суд преку хиперболизирана реалност.

Во продолжение, Комисијата констатира дека сатирата е нераскинлив дел од слободата на говорот, понекогаш дури и до степен на претерување, ако станува збор за јавна личност, сè додека содржината не ги надминува границите на слобода на изразување.

Впрочем, по дефиниција, техниката на сатиричното преувеличување, како и употребата на карикатурата и хиперболата, се најмоќното уметничко средство на сатиричарот.

Став на Комисијата е дека треба да се внимава и при сатирата, и при хипеболизирање на нештата тие да се контекстуализираат со личности кои не се носители на јавни функции.

Во однос на наводите на жалителката дека текстот содржи навреда, членовите на Комисијата се согласија дека утврдувањето елементи на навреда или клевета не е во доменот на надлежностите на Комисијата, што воедно, беше и една од причините да ја отфрли поднесената претставка.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Off.net“ (www.off.net.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595